**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-1334/2**
**17.11.2015 година**
**Д е л ч е в о**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната Првата седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на ден 17.11.2017 година (петок), во салата на ООУ „Ванчо Прке"со почеток во 14.20 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Николчо Ситновски
5. Јулија Крстевска
6. Влатко Величковски
7. Вице Стоиловски
8. Кирил Тренчевски
9. Ванчо Велиновски
10. Катица Трајкова Тасева
11. Славица Димитрова
12. Сашко Јовановски
13. Кристи Стојковски
14. Дијана Јосифовски

Оправдано отсутна:Билјана Ѓеоргиевска

На седницата присуствуваа и образлагачите на точките: Сузана Петровска-Раководител на Одделението за правни и општи работи и јавни дејности, Зорка Котев-Виш соработник за урбанизам, Звонко Атанасов-Советник за уредување на градежно земјиште и Елизабета Ѓеорѓиевска-ВД директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

Седницата ја отвори и со истата претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево кој на почетокот истакна дека на седницата присуствуваат 14 членови ан советот и Советот може полноважно да одлучува. Претседателот на Советот, на оваа Прва редовна (работна) седница, на сите членови на Советот на Општина Делчево им посака успешна и конструктивна работа, изразувајќи надеж дека Советот на општина Делчево ќе работи одговорно и транспарентно носејќи одлуки во интерес на сите граѓани на општина Делчево.

Исто така, тој рече дека за денешната седница на сите членови на Советот им се доставени материјали и според тоа го предложи следниот

**Дневен ред**

**-Усвојување на Записникот од Конститутивната седница**

1. Предлог-Решение за формирање на Комисија за статут и прописи;

2. Предлог-Решение за формирање на Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР;
3. Предлог-Решение за формирање на Комисија за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животна средина;
4. Предлог-Решение за формирање на Комисија за комунални работи и сообраќај;
5. Предлог-Решение за формирање на Комисија за јавни дејности;
6. Предлог-Решение за формирање на Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените;
7. Предлог-Решение за формирање на Комисија за Комисија за спорт;

**Образлагач**: По точките, 1,2,3,4,5,6 и 7-Драган Маневски-претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата.

8. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо"-Делчево;
9. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо" кои постигнале особено висок успех во учењето.
10. Предлог- Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија;
11. Предлог-Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија кои постигнале особено висок успех во студирањето;

**Образлагач**: По точките 8,9,10 и 11-Сузана Петровска-Раководител на Одделението за правни и општи работи и јавни дејности.

12. Предлог-Решение за именување на претставници во Управниот одбор на Општинската јавна установа Детската градинка,,Весели Цветови "-Делчево;
13. Предлог-Решение за именување на претставник на Советот на Општина Делчево во Управниот одбор на Јавна установа Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево;
14. Предлог-Решение за разрешување на членовите на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево;
15. Предлог-Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево;
16. Предлог-Решение за разрешување на членовите на Одборот за надзор на материјаното и финансиското работење на ЈПКД „Брегалница"-Делчево;
17. Предлог-Решение за именување на членови на Одборот за надзор на материјаното и финансиското работење на ЈПКД „Брегалница"-Делчево;
18. Предлог-Решение за именување претставник на Локалната самоуправа во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев";
19. Предлог-Решение за разрешување на претставник на Локалната самоуправа во Училиштниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево;
20. Предлог-Решение за именување на претставник на Локалната самоуправа

во Училиштниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;

**Образлагач**: По точките 12,13,14,15,16,17,18,19 и 20 Драган Маневски-Претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата.

21. Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на „Рудине“ ММ Доо Скопје;
22. Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на барање на Душан Видимлиски;
23. Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на Ванчо Цоневски;
24. Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М-5 Делчево-Македонска Каменица измена и дополна;

**Образлагач:** По точките 22,23,24 и 25-Зорка Котев-Виш соработник за урбанизам и просторно планирање.

25. Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

**Образлагач**: Елизабета Ѓеорѓиевска-ВД Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

26. План на програми за развој на Општина Делчево со Заклучок за усвојување

**Образлагач**: Анка Христова-Раководител на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци.

27. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори рсаправа по предложениот дневен ред и за збор с ејави сашко Ивановски кој предложи на денешната седница на Советот на Општина Делчево да се донесе Одлука за тонско снимање на седниците на Советот со цел транспарентност во работата на Советот. Во образложение на својот предлог тој го цитираше член 103, став 1 од Деловникот за работа на Советот на општина Делчево кој гласи:„за работата за седниците на Советот може да се водат стенографски белешки, а по потреба може да се обезбеди и тонско или видео снимање.

Претседателот на Советот на општина Делчево, Драган Маневски рече дека предлогот е во ред и според Деловникот и според Статутот, но имајќи предвид дека ова е прва работна седница и дека дневниот ред е обемен,  во врска со овој предлог,тој предложи да се разгледа можноста да се стави на дневен ред на друга седница.

Во врска со овој предлог од страна на Снежана Трајкова-Советник за подготовки на седници на Советот и лице кое го води Записникот на седниците на Советот на општина Делчево, беше истакнато дека таква одлука веќе има донесено од страна на членовите на советот од претходниот состав, а Сузана Петровска - Раководител на Одделението за правни и општи работи рече дека треба да се види што пишува во одлуката која веќе е донесена и доколку иам потреба да се донесе нова одлука.

Сашко Ивановски истакна дека неговиот прдлог е сосема во ред и дека со донесувањето на ваква одлука ќе се подобри транспарентноста на работата на

седниците на Советот на Општина Делчево, а претседателот на Советот истакна дека нема ништо спорно во неговиот предлог, но дека ваква одлука треба да биде на дневен ред на некоја друга седница.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по предложениот дневен ред беше затворена и предложениот дневен ред беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за Првата седница на Советот на Општина Делчево.

Беше отворена расправа по Записникот од Конститутивната седница на Советот на Општина Делчево. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и записникот беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од Конститутивната седница на Советот на Општина Делчево.

**Во врска со првата точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за статут и прописи,** образложение даде претседателот на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата, Драган Маневски кој за претседател и членови на Комисијата за статут и прописи ги предложи:

1.Сашко Јовановски, претседател
2.Драган Маневски,член
3.Јулија Крстевска, член
4.Вице Стоиловски, член
5.Ванчо Велиновски, член

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", нема против и воздржани, Советот на Општина Делчево го донесе Решение за формирање на Комисија за статут и прописи.

**Втора точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР;**

Образложение и по оваа точка поднесе претседателот на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата, Драган Маневски кој за претседател и членови на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, ги предложи:

1.Кирил Тренчевски, претседател
2.Дејан Ѓеоргиевски, член
3.Сашко Јовановски, член
4.Сашко Ивановски, член
5.Билјана Ѓеоргиевска, член

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", нема против и воздржани, Советот на Општина Делчево го донесе Решение за формирање на Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР.

**Трета точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животна средина;**

Образложение и по оваа точка поднесе претседателот на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата, Драган Маневски кој за претседател и членови на Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животна средина ги предложи:

1.Дејан Георгиевски , претседател

2.Катица Трајкова Тасева, член
3.Драган Маневски, член
4. Славица Димитрова, член
5. Кристи Стојковски, член

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, нема против и воздржани, Советот на Општина Делчево го донесе Решение за формирање на Комисијата за урбанизам, планирање и уредување на просторот и заштита на животна средина.

**Четврта точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за комунални работи и сообраќај;**

Образложение и по оваа точка поднесе претседателот на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата, Драган Маневски кој за претседател и членови на Комисијата ги предложи:

1.Влатко Величковски, претседател
2.Јулија Крстевска, член
3.Кирил Тренчевски, член
4.Николчо Ситновски, член
5.Ванчо Велиновски, член

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, нема против и воздржани, Советот на Општина Делчево го донесе Решение за формирање на Комисијата за комунални работи и сообраќај.

**Петта точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за јавни дејности**;

Образложение и по оваа точка поднесе претседателот на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата, Драган Маневски кој за претседател и членови на Комисијата ги предложи:

1. Катица Трајкова Тасева, претседател
2. Влатко Величковски, член
3. Дијана Јосифовски, член
4.Вице Стоиловски, член
5.Кристи Стојковски, член

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, нема против и воздржани, Советот на Општина Делчево го донесе Решение за формирање на Комисијата за јавни дејности.

**Шеста точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените;**

Образложение по точката поднесе Драган Маневски, претседател на Комисијата на прашањата на верификацијата, изборите и именувањата кој за оваа Комисија ги предложи:

1. Јулија Крстевска, претседател
2. Дијана Јосифовски, член
3. Сашко Јовановски, член
4.Славица Димитрова, член

5.Билјана Ѓеоргиевска, член

Беше отворена расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, нема против и воздржани, Советот на Општина Делчево го донесе Решение за формирање на Комисијата за еднакви можности.

**Седма точка-Предлог-Решение за формирање на Комисија за Комисија за спорт;**

Образлагач и по оваа точка беше Драган Маневски-претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата.

За претседател и членови ан Комисијата за спорт тој ги предложи:

1. Дијана Јосифовски, претседател
2. Кирил Тренчевски, член
3. Дејан Георгиевски, член
4. Сашко Ивановски, член
5. Билјана Ѓеоргиевска, член

Беше отворена расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, нема против и воздржани, Советот на Општина Делчево го донесе Решение за формирање на Комисијата за спорт.

**Осма точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево;**

Образложение по оваа точка поднесе Сузана Петровска Раководител на Одделението за правни и општи работи која истакна дека на оваа седница до членовите на Советот се доставени 4 одлуки за стипендии од кои 2 за одлични ученици на СОУ „М.М.Брицо“ и 2 за студенти кои студираат на државните универзитети во РМ.

Првата одлука се однесува на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“. Истата се однесува на 6 стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо“- Делчево и ќе се доделуваат на: ученици од II, III и IV година со континуиран просечен одличен успех (од 4.50 до 5.00) и на ученици чии родители се невработени, со ниски месечни примања или пак социјални случаи. Износот на месечната стипендија е 1000 денари/ученик и учениците истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на учебната 2017/2018 година, а средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Делчево за 2018 година.Изборот на учениците кои ќе добиваат стипендија ќе се врши од страна на заедничка комисија составена од претставници на општина Делчево, Советот на Опшштина Делчево и СОУ „М.М.Брицо“, Делчево, која ќе ги утврди критериумите и ќе распише Конкурс за доделување на стипендии.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Славица Димитрова која предложи членот 3 од истата одлука да гласи:„Износот на месечната стипендија е 2000 денари/ученик и учениците истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на учебната 2017/2018 година.
Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Делчево за 2018 година“.

Сузана Петровска истакна дека во врска на изностот на стипендии за оваа година имало состанок и од Одделението за финансии истакнале дека во Буџетот на 2018 година не може да се планираатповеќе средства за стипендии и износите остануваат исти како и претходните години, освен во втората одлука која се однесува на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ кои постигнале особено висок

успех каде од 1000 денари стипендиите се зголемуваат на 1500 денари.

Градоначалникот на Општината рече дека предлогот за зголемување на стипендиите е апсолутно во ред, но финансиските можности на општината се такви какви што се и се познати на сите, и на советниците од СДСМ и на советниците од ВМРО ДПМНЕ. Износот на сите стипендии е во реалната рамка, а дека во Буџетот за 2019 година ќе биде разгледана можноста за зголемување на износите што секако ќе зависи од реалните финансиски можности на општината. Сега засега нашите можности се тие, рече Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски.

Кирил Тренчевски рече дека ја поддржува дискусијата на Градоначалникот и на образлагачот на точката и смета дека износот на стипендијата во врска со оваа одлука е во рамките на реалните можности на Општината.

Сашко Ивановски рече дека во каква состојба е Буџетот на Општината им е познато на сите, но смета дека не треба да се крати токму од оваа област-образование и затоа предложи еден предлог-компромисно решение, т.е. износот на стипендијата да изнесува 1500 денари.

Сузана Петровска рече дека Општина Делчево 10 години во континуитет доделува стипендии на ученици и на студенти, уште од 2007 година кога почна со 2 стипендии и потоа секоја година се зголемуваше бројката. Инаку, во ниту една одлука нема скратување на износот на стипендија во однос на претходни години, туку во една од нив има зголемување.

Дејан Георгиевски рече дека доколку се зголеми износот на стипендија во оваа одлука тоа автоматски повлекува зголемување на износот во сите други одлуки. Факт е дека средствата не се многу и би било добро да се зголеми износот, но исто така факт е дека финансиската состојба на општината не дозволува да има покачувања.

Славица Димитрова рече дека со зголемувањето на минималната плата се зголемени и трошоците за живот и затоа таа предлага зголемување на износот на стипендијата и побара претседателот на Советот да го стави на гласање нејзиниот предлог.

За збор се јави Градоначалникот на Општината кој рече дека во врска со износот може да се дискутира и полемизира, може да се предлага зголмување и да се прави политика од се. Советничката Славица која беше член на Советот во изминативе 4 години имаше можност да предлага зголемување на овие износи, но не го направи тоа. После расипничкото и недомаќинско работење на ДПМНЕ во изминативе 8 години, моментално нема услови за покачување на износот на стипендии, но и покрај тоа смогнавме сила да покачиме барем еден износ во втората одлука предлагаме да има покачување, рече Градоначалникот.

Претседателот на Советот истакна дека износот на стипендиите не е многу висок, но тотчно е дека сепак во една одлука има покачување. Ние како советници коишто ги носиме одлуките треба да ја имаме предвид фактичката и финансиката состојба на Општината и да носиме одлуки кои ќе можат да бидат исплатени и кои нема да бидат дополнително оптоварување на општинскиот буџет. Сите ја знаеме финансиската состојба на општината, сите износи за стипендии се реални и ние како Совет треба да ги поддржиме, истакна претседателот на Советот.

Кирил Тренчевски имаше реплика на дискусијата на Славица Димитрова и рече дека зголемувањето на минималната плата нема врска со зголемувањето на трошоците за живот.

Влатко Величковски истакна дека образлагачот во своето образложение истакнала дека овие суми се утврдени во консултации со Одделението за финансии и буџет и истите не се паушални, значи некој (стручни лица во тоа Одделение)

констатирале дека општинскиот буџет не може да поднесе зголемување на тие стипендии и затоа се одлучиле на тие износи. Сигурен сум дека доколку има услови, тие износи би биле повисоки. Затоа, сметам дека при нашите дискусии треба да ги земеме предвид тие укажувања, истакна В.Величковски.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по првата точка беше затворена и на гласање беше ставен предлогот на Славица Димитрова за измена на членот 3 од одлуката, т.е.„Износот на месечната стипендија е 2000 денари/ученик и учениците истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на учебната 2017/2018 година.

Со 6 гласа „ЗА", 7 „ПРОТИВ" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево не го прифати предлогот.

На гласање беше ставен и предлогот на Сашко Ивановски кој предложи изностот на стипендијата да се зголеми на 1500 денари.

Со 6 гласа „ЗА", 7 „ПРОТИВ" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево не го прифати предлогот.

Претседателот на Советот на гласање ја стави Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо.

Со 14 гласа „ЗА", против нема и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо" кои постигнале особено висок успех во учењето.**

И по оваа точка образложение поднесе Сузана Петровска која рече дека се однесува на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо" кои постигнале особен успех во учењето. Станува збор за 6 стипендии на ученици кои ќе ја добиваат 9 месеци во учебната година. Износот на стипендијата, за разлика од претходни години, се зголемува од 1000 на 1500 денари. По донесувањето на одлуката ќе се формира Комисија од страна на Градоначалникот во која ќе има и членови на Советот и претставници на Општината која ќе утврди критериуми и ќе распише Конкурс, а потоа и ќе изврши избор на ученици кои ќе добијат стипендија.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Славица Димитрова која предложи износот на оваа стипендија да се зголеми на 2500 денари.

Предлогот беше ставен на гласање.

Со 6 гласа „ЗА", 6 „ПРОТИВ" и 2 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево не го прифати предлогот.

На гласање беше ставена Предлог-Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо" кои постигнале особено висок успех во учењето.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на општина Делчево донесе Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо" кои постигнале особено висок успех во учењето.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија;**

Образложение по точката поднесе Сузана Петровска која рече дека оваа одлука сеоднесува на студенти кои студираат на државните универзитети во Македонија.

Стипендиите ќе се доделуваат на редовни студенти во сите студиски години освен I (прва), со континуиран  успех над 8.00, на студенти чии родители се

невработени, со ниски месечнипримања, или, пак социјални случаи
Износот на месечната стипендија е 2000 денари/студент и студентите истата ќе ја добиваат месечно за период од 9 (девет) месеци во текот на студиската 2017/2018 година.Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Делчево за 2018 година.Изборот на студенти кои ќе добиваат стипендија ќе се врши од страна на заедничка комисија составена од претставници на општина Делчево и Советот на Општина Делчево, која ќе ги утврди критериумите и ќе распише Конкурс за доделување на стипендии.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Кристи Стојковски кој предложи износот на оваа стипендија да биде 3000 денари.

Градоначалникот на Општина Делчево истакна дека стипендиите на државно ниво кои ги доделува Министерството за образование и наука се 2000 денари, а овде има предлог за 3000 денари. Доколку ние како Општина доделуваме студентска стипендија од 3000 денари сите студенти од Македонија треба да аплицираат кај нас.Од тие причини сметам дека овој предлог е несериозен, истакна Градоначалникот на Општина Делчево.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и на гласање беше ставен предлогот на Кристи Стојковски студентската стипендија да изнесува 3000 денари.

Со 6 гласа „ЗА" и 8 „ПРОТИВ", истиот не беше прифатен.

Претседателот на Советот ја стави точката на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија;

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија кои постигнале особено висок успех во студирањето;**

Образлагач и по оваа точка Сузана Петровска-Раководител на Одделението за правни и општи работи и јавни дејности.

Таа рече дека оваа точка се однесува на доделување на стипендии на 6 студенти кои студираат на државните универзитети во РМ кои постигнале особено висок успех во студирањето.Стипендиите ќе се доделуваат на редовни студенти од сите студиски години освен I (прва) студиска година кои постигнале особено висок успех во студирањето и тоа:за студенти на техничките факултети и медицински науки кои постигнале просечен успех од најмалку 8,00; за студенти на факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите кои постигнале просечен успех 9,00.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој предложи износот на стипендијата да биде 4500 денари.

За збор се јави и Ванчо Велиновски кој предложи да се измени членот 2 и наместо 6 стипендии вкупно, да се доделуваат 3 за студентите кои постигнале особено висок успех во студирањето на техничките факултети и медицински науки и 3 стипендии на факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите кои постигнале просечен успех 9,00 бидејќи може да се случи сите 6 студенти кои ќе добијат стипендија да бидат од општествените науки.

Влатко Величковски рече дека и тој имал сличен предлог како советникот Ванчо. Тој рече дека е можно да се случи за било кој од факултетите да се пријават само двајца студенти и затоа би било добро овој негов предлог да биде како

непишано правило или да се утврди како некој подкритериум.

Претседателот на Советот истакна дека предлогот на советникот В.Велиновски на некој начин е дискриминаторски. Предлог-Одлуката е општа и јасна и во неа не може да ги има сите критериуми. Во членот 2 е направена поделба на факултетите и на просекот и сметам дека е сосема во ред. Што се однесдува до износот не е голем, но е рален. Тука некаде се движат и стипендиите кои ги доделува државата, така што ние како Совет треба да ја поддржиме и оваа одлука, тој.

Сузана Петровска рече дека сите тие работи за кои зборуваат членовите на Советот се наведуваат во критериумите од страна на Комисијата и се наведуваат во Конкурсот. Во секоја Комисија ќе има претставници и од советниците така што ќе се утврдат и допрецизираат сите критериуми.

Градоначалникот на Општината истакна дека тој како член на Советот бил член на комисијата за доделување на стипендии и секогаш комисијата работела транспарентно и одговорно. Комисијата е таа која треба да ги утврди критериумите и да го распише конкурсот, а потоа да ги разгледа доставените документи и да изготви ранг листа која се доставува до Градоначалникот на Општината. Во секој случај одлучува Комисијата, истакна тој.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и на гласање беше ставен предлогот на Сашко Ивановски изностот на стипендијата за студенти кои студираат на државните универзитети во РМ и кои постигнале особен успех да биде 4500 денари.

Со 6 гласа „ЗА“ и 8 „ПРОТИВ“, истиот не беше прифатен.

На гласање беше ставен и предлогот на Ванчо Велиновски за измена на членот 2 од одлуката, односно да се доделуваат 3 стипендии на студенти од факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите кои постигнале просечен успех 9,00 и 3 стипендии за студенти кои студираат на техничките и на медицинските факултети.

На гласање беше ставена и Одлуката за доделување на стипендии на студенти кои студираат на државните универзитети во Република Македонија кои постигнале особено висок успех во студирањето.

Истата беше усвоена со 14 гласа „ЗА“.

**Дванаесетта точка-Предлог-Решение за именување на претставници во Управниот одбор на Општинската јавна установа Детската градинка,,Весели Цветови "-Делчево;**

Образложение по оваа точка поднесе Драган Маневски-претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата, кој истакна дека согласно член 114 од Законот за заштита на децата Советот на Општина Делчево треба да именува членови на Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови“.

Според тоа за членови на УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево се именуваат:

1. Гордана Петровска, претставник на основачот
2. Благица Петровска, претставник на основачот
3. Анита Димитровска, претставник на основачот
4. Александра Ивановска, претставник на родителите на децата
5. Стефанија Атанасовска Јовановски, претставник на родителите на децата
6. Сања Мицевска Стојковски , претставник на установата

7.Касандра Стоименовски-претставник на Министерството за социјални работи на РМ.

Претседателот отвори расправа по точката и процедурално за збор се јави Сашко Ивановски кој рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ нема да учевствува во расправата и гласањето по точките од 12 до 20. Доколку вие останете на ставот сами да одлучувате и во тие 8 точки/решенија ние да немаме ниту еден предлог, ние ќе ја напуштиме седницата и ќе се вратиме кога ќе дојде на ред точката 21.

Претседателот на Советот рече дека тоа е деловничко и статутарно право на советничката група на ВМРО ДПМНЕ, исто како што е и право по секоја од овие точки да се даде предлог. Што се однесува до предлозите, во претходниот состав СДСМ имаше свои претставници само во УО на ЈПКД „Брегалница". Инаку, од наша страна од вас како советничка група беше побаран предлог за член во УО на ЈПКД „Брегалница", а вие не доставивте. Погрешен е вашиот став сите точки да ги третирате како една и да ја напуштате првата работна седница на Советот, рече претседателот на Советот.

Сашко Ивановски го праша Градоначалникот дали тоа е така, како што тврди претседателот на Советот и рече дека тој има информација оти Ванчо Новоселски бил во Училиштен одбор на СОУ „М.М.Брицо". Тој истакна дека еден член предложен од нивна страна во секој управен одбор е во ред бидејќи на тој начин и тие како опозиција ќе имаа увид во работата на секоја институција под локално ниво, а работата на тие институции ќе биде транспарентна. Сметаме дека ова е коректно, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека Советот назначува свои претставници во Детската градинка, Центарот за социјални работи, Здравствениот дом „Г.Делчев" и во ЈПКД „Брегалница". Во Центарот за социјални работи и Здравствениот дом се назначува по 1 претставники логички е тој да биде од страна на мнозинството. Во Детската градинка имате претставник од страна на родителите на децата и вработена во установата. Во изминатиов период секаде членовите на управните одбори беа ваши. Сега, во ЈПКД „Брегалница" имате можност да предложите свои членови, вие не сакате, рече тој.

Влатко Величковски истакна дека членовите на Советот имаат право да побараат од секоја институција и од сите управи одбори било каква информација и тие се должни истата да ни ја достават.

Претседателот на Советот им рече на советниците од ВМРО ДПМНЕ да предложат свои членови за управните одбори, а тој ќе ги стави на гласање.

Членовите на советничката група на ВМРО ДПМНЕ (Сашко Ивановски,Славица Димитрова и Кристи Стојковски) незадоволни од предлозите за членови на Управниот одбор на ОЈУДГ „Весели Цветови", без да да дадат свои предлози во УО на ОЈУДГ „Весели Цветови", и покрај укажувањата од претседателот на Советот на Општина Делчево, ја напуштија расправата по точка 12 и рекоа дека ќе се вратат за да учествуваат во работата на седницата под точка 21 па до самиот крај.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", против и воздржани нема, и 3 членови на Советот кои воопшто не гласаа по оваа точка, Советот на општина Делчево го донесе Решението за именување на претставници во Управниот одбор на Општинската јавна установа Детската градинка,,Весели Цветови "-Делчево.

**Тринаесетта точка-Предлог-Решение за именување на претставник на Советот на Општина Делчево во УО на Јавната установа Межуопштински**

**центар за социјални работи-Делчево;**

Образложение по точката поднесе Д.Маневски претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата кој рече дека за претставник на Советот на Општина Делчево во УО на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјални работи-Делчево, се именува Игор Глинџарски.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на претставник на Советот на Општина Делчево во УО на Јавната установа Межуопштински центар за социјални работи-Делчево.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Решение за разрешување на членовите на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево;**

Образложение по точката поднесе Драган Маневски, претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата и рече дека заради истек на мандат на членовите на УО на ЈПКД „Брегалница" на 31.05.2017 година, се предлага Решение за разрешување на членовите на УО на ЈПКД „Брегалница и тоа:

1.Станко Станоевски
2.Сашка Мицевска
3. Кирчо Гоцевски
4.Методи Толевски
5.Тихомор Костадиновски
6.Славчо Мицевски
7.Славчо Антовски

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за разрешување на членовите на УО на ЈПКД „Брегалница-Делчево.

**Петнаесетта точка-Предлог-Решение за именување на членови на Управниот одбор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево;**

И по оваа точка образложение поднесе Драган Маневски, претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата и рече дека за членови на УО на ЈПКД „Брегалница"-Делчево се именуваат:

1.Ленче Митева
2.Ана Ситновска Димитровска
3.Билјана Петровска
4.Стојче Стојковски
5.Виолета Петровска

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на членови на УО на ЈПКД „Брегалница-Делчево.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Решение за разрешување на членовите на Оборот за надзор на материјаното и финансиското работење на ЈПКД „Брегалница"-Делчево.**

И по оваа точка образложение поднесе Драган Маневски, претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата и рече дека заради истек на мандат на членовите на Оборот за надзор на материјаното и финансиското работење на ЈПКД „Брегалница"-Делчево, од функцијата се

разрешуваат:
1.Дејан Орлов
2.Игор Јанкуловски
3.Ненад Ѓорѓиевски
4.Снежана Атанасовска
5.Мирко Милошов
Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за разрешување на членовите на Одборот за надзор на материјаното и финансиското работење на ЈПКД „Брегалница"-Делчево;

**Седумнаесетта точка-Предлог-Решение за именување на членови на Одборот за надзор на материјалното и финансиското работење на ЈПКД „Брегалница"-Делчево;**

Образложение поднесе Драган Маневски, претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата и рече дека за членови на Одборот за надзор на материјалното и финансиското работење на ЈПКД „Брегалница"-Делчево се именуваат:
1.Христина Анастасовска
2.Антонио Димитровски
3.Ана Стојановска
4.Снежана Трајкова
5.Снежана Стојчевска

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на членовите на Одборот за надзор на материјаното и финансиското работење на ЈПКД „Брегалница"-Делчево;

**Осумнаесетта точка-Предлог-Решение за именување претставник на Локалната самоуправа во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев";**

Образложение поднесе Драган Маневски, претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата и рече дека за претставник на Локалната самоуправа во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев" се именува Др-Соња Михаиловска.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на именување претставник на Локалната самоуправа во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев";

**Деветнаесетта точка-Предлог-Решение за разрешување на претставник на Локалната самоуправа во Училиштниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата кој рече досегашниот член на УО на ООУ „Св.Климент Охридски" се разрешува од функцијата по сила на закон.

Претседателот отвори расправа.Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за

разрешување на претставник на Локалната самоуправа во Училиштниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.

**Дваесетта точка-Предлог-Решение за именување на претставник на Локалната самоуправа во Училиштниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, изборите и именувањата кој рече дека за претставник на Локалната самоуправа во УО на ООУ „Св.Климент Охридски" се именува Влатко Мицевски.

Претседателот отвори расправа.Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на претставник на Локалната самоуправа во Училиштниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на „Рудине" ММ Доо Скопје;**

Образложение по точката поднесе Зорка Котев-Виш соработник за урбанизам и просторно планирање која рече дека оваа одлука се однсува на вклопување на бесправно изграден објект во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**96** од **13.01.2016** година. Барањето е поднесено од страна на **РУДИНЕ ММ доо Скопје**, а се однесува на бесправно изграден **објект во функција на Ладилник (трафостаници, магацин, канцеларија, инсталација за ладилник) зграда бр.4** , изграден на КП бр. **875** КО **Чифлик** запишана во имотен лист бр**. 253**, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Катица Трајкова Тасева која ја праша образлагачот дали сите потребни документи за овој објект согласно Законот за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација, се во ред и истиот може да се лагализира?

Зорка Котев истакна дека постои Комисија која оди на терен, прави увид и проверува дали се е во ред, за тој увид изготвува Записник во кој констатита дека се е во ред и дека објектот може да се вклопи во УПД и затоа изготвува одлука која ја предлага на усвојување пред Советот на Општината.

Влатко Величковски истакна дека во оваа одлука во член 3 е наведено дека: со донесувањето на оваа одлука претстанува да важи одлука број 09-925/1 од 28.07.2017 година и ја праша образлагачот за што станува збор?

Зорка Котев рече дека оваа одлука е донесена на седница на Совет во претходниот состав на 28.07.2017 година, но бидејќи во истата било наведено само „ладилник" без дополнително објаснување, се јави потреба од изготвување на нова во која ќе е точно наведено кои други објекти спаѓаат тука.

Сашко Јовановски побара да се достави претходно донесената одлука број 09-925/1 од 28.07.2017 година.

Претседателот на Советот ја праша образлагачот дали сите одлуки за легализација одат на дневен ред на седници на Совет или само тие кои се надвор од

урбан опфат?

Зорка Котев истакна дека на седница на Совет одат сите објекти кои се надвор од урбан опфат, додека, пак, другите се легализираат со решение на Градоначалникот.

Влатко Величковски ја праша образлагачот што всушност значи член 2 од оваа одлука или:„ Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање"?

Зорка Котев рече дека овој член во суштина значи дека по донесувањето на оваа одлука ќе се изработи пресметка и Урбанистичка согласност за истиот објект.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на „Рудине" ММ Доо Скопје.

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на барање на Душан Видимлиски;**

И оваа точка ја образложи Зорка Котев која рече дека од страна на лицето Душан Видимлиски е поднесено барање за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација. Истото се однесува на бесправно изграден објект означен во елаборат како зграда бр.1-со намена станбена кука, изграден на КП бр. 1627/1 КО Тработивиште, запишана во имотен лист бр.408.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на барање на Душан Видимлиски.

**Дваесет и трета точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на Ванчо Цоневски;**

Образложение поднесе Зорка Котев и истакна дека лицето Ванчо Цоневски има поднесено барање до Општината за легализација на бесправно изграден објект, Станбена кука, означен во елаборат како зграда бр.2 изграден на КП бр. 601/1 КО Габрово запишана во имотен лист бр. 9.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на Ванчо Цоневски.

**Дваесет и четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М-5 Делчево-Македонска Каменица измена и дополна;**

Образлагач и по оваа точка беше Зорка Котев-Виш соработник за урбанизам и

просторно планирање. Во врска со точката таа рче дека Урбанистичкиот план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на град Делчево, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Делчево за 2017 година, Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите.Просторот за кој се донесува Одлука за утврдување на Нацрт - урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево – Македонска Каменица е со вкупна површина на парцела 16.879,21 м2, а локалитетот е дефиниран со следните граници: североисток: дел од јужна меѓа на к.п. бр. 1137, к.п.1138 и к.п.1136, на југ : Магистрален пат М5 (нова категоризација А3М – автопат). Инаку и оваа одлука е донесувана на Совет во 2013 година, но од страна на Министерството за транспорт и врски има допис/Неиздавање на согласност и враќање документација од Министерството за транспорт и врски бр. 24-4100/2 од 11.05.2017 година   и поради тоа ние морама уште еднаш да ја донесеме на Совет.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Катица Трајкова Тасева која ја праша образлагачот дали е постапено по укажувањата на Министерството за транспорт и врски кои за истиот тој план не издале согласност и дали се отстранети сите евентуални пропусти и грешки кои биле причина за неиздавање на согласност на планот? Дали можеби бил пробиен рокот за доставување на планот па бил вратен од страна на Министерствот, Ве молам да ни објасните, рече К.Т.Тасева.

Зорка Котев рече дека Министерството во тој допис/Неиздавање на согласност и враќање документација е наведено кои пропусти изработувачот на планот треба да ги отстрани и тоа е негова задача. Она што ние како Општина/Совет е да донесеме нова одлука. Инаку, следна постапка е добивањето на согласност од МТВ, а по неа тој Нацрт план ќе биде на јавна расправа и на јавна анкета каде сите граѓани со пополнување на анкетни листови имаат право да дадат свои забелешки.

Вице Стоиловски ја праша образлагачот дали има рок за застарување  на документацијата?

Зорка Котев рече дека Министерството за транспорт и врски бара нова одлука и нова документација.

Претседателот на Советот побара од образлагачот да ја појасни постапката за донесувањето на урбанистичките планови.

Таа истакна дека согласно најновите законски измени плановите одат електронски откако ќе помине нацрт фазата, јавната расправа/презентација и јавната анкета. Сепак, тоа се нови законски измени и со сигурност не можам да кажам. Инаку, секој план се праќа на согласност во Министерството за транспорт и врски.

Сашко Јовановки праша дали по јавната презентација и јавната анкета урбанистичкиот план може да претрпи измени и да се најде повторно пред Советот на Општината со тие измени?

Зорка Котев рече дека тие јавни анкети се токму за тоа, доколку граѓаните имаат забелешки по урбанистичкиот план да ги достават.

Бидејќи никој друг не  се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М-5 Делчево-Македонска Каменица измена и дополна;

**Дваесет и петта точка-Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.**

Образлагач по оваа точка беше Елизабета Ѓеорѓиевска-ВД Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево која рече дека и оваа година како и минатите ОЈУДГ „Весели Цветови" има поднесено барање до Советот на Општина Делчево за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца. Причината е во тоа што секоја година има зголемен број на деца и затоа градинката бара согласност од Советот. Инаку во Одлуката која е доставена до членовите на Советот табеларно се прикажани сите групи со законски дозволениот број на деца и бројот за кој се бара согласност и тоа:

| **Реден број** | **Објект** | **Група на деца** | **Утврден број деца согласно Законот** | **Број на деца во групата** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Објект 2 | 09-24 месеци | Од 10 до 12 | 17 |
| 2 | Објект 2 | 09-24 месеци | Од 10 до 12 | 16 |
| 3 | Објект 2 | Од 2-3 години | Од 12 до 15 | 26 |
| 4 | Објект 2 | Од 2 до 3 години | Од 12 до 15 | 27 |
| 5 | Објект 2 | Од 3 до 4 години | Од 15 до 18 | 25 |
| 6 | Објект 2 | Од 3 до 4 години | Од 15 до 18 | 24 |
| 7 | Објект 2 | Од 3 до 4 години | Од 15 до 18 | 25 |
| 8 | Објект 2 | Од 4 до 5 години | Од 18 до 20 | 29 |
| 9 | Објект 2 | Од 4 до 5 години | Од 18 до 20 | 30 |
| 10 | Објект 2 | Од 5 до 6 години | Од 20 до 25 | 31 |
| 11 | Објект 2 | Од 5 до 6 години | Од 20 до 25 | 28 |
| 12 | Објект 2 | Од 5 до 6 години | Од 20 до 25 | 28 |
| 13 | Објект 1 | Од 5 до 6 години | Од 20 до 25 | 20 |
| | | | **Вкупно** | **326** |

Исто така таа истакна дека има проблем бидејќи има 100-тина дечиња на Листа на чекање, а нема доволно простор и кадар, а во исто време постојано има барања и притисок од родители за згрижување на дечиња.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Славица Димитрова која ја праша ВД директорката дали според директорката е во ред во групите да има толкав број на деца и дали родителите се согласни нивните деца да бидат во групи со толкав број на деца и дали се планира проширување на градинката?

ВД директорката истакна дека во секоја група има по 1 воспитувачка и 1 негователка и секако дека е отежната работата. Притисок од родителите има постојано бидејќи секој родител сака да биде згрижено и неговото дете. Има реакции за зголемениот број на деца, но што да се прави, тој проблем е присутен со години, не е од сега. Делумно беше решен со проширувањето/доградбата на занималните, но сепак има потреба од дополнителни простории. Тешко е да се

работи, но тоа е, мора некако да функционираме, истакна таа.

Градоначалникот на Општината, Горан Трајковски истакна дека проблемот со недоволниот простор, зголемениот бгрој на деца и недоволниот кадар во градинката е од поодамна, со години. Факт е дека секоја година има повеќе деца за згрижување отколку што се просторните и кадровските можности на градинката и тоа е проблем секако, но во исто време е и добро што во општината има се повеќе деца-децата се најголемото богатство. Ние како општина испративме писмо за интерес до Министерството за труд и социјална политика во врска со повикот за доградба на детските градинки и новите вработувања кои се најавени за идната година. Се надевам дека нашата општина ќе биде земена во предвид и дека ќе успеема да изградиме уште занимални и да вработиме и дополнителен соодветен кадар. Состојбата е навистина тешка бидејќи нема доволно простор и кадар, но кажав дека планираме доградба на градинката и вработувања на соодветен кадар. Градинката располага со два објекта од кои во едниот 4 простории ги користи ООУ „Св.Климент Охридски" кој исто така има проблем со простории, особено откако се воведе само едносменско работење. Јас бев таму вработен и знам дека неколку училници беа преградени на 2 и навистина нема нормални услови за одвивање на настава. Доколку училиштето ги отстапи тие простории на градинката, тогаш пак училиштето ќе има проблем или ќе мора повторно да се воведе втората смена. Ккао и да е, ние мора да ги решаваме проблемите, истакна Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски.

Дијана Јосифовски ја праша ВД директорката дали во детската градинка има интерес за втора смена?

ВД Директорката рече дека за втора смена во градинката нема интерес, интерес пројавил само еден родител и тоа не е доволно за да има втора смена бидејчи втората смена значи и зголемување на трошоците за греење и сл. Со доградба на уше неколку занимални/простории ќе се реши целосно проблемот во градинката и со групите и со дечињата кои се на Листа на чекање.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

**Дваесет и шеста точка-План на програми за развој на Општина Делчево со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по оваа точка беше Звонко Атанасов кој рече дека согласно Законот за буџетите секоја година се донесува ваков план на програми за развој. За оваа година, Одделението за урбанизам во консултација со Градоначалникот предлага Изградба на дел од улица „Орце Николов" во Делчево. За тој проект има изработено Основен проект, вредноста е 4.839.000 денари. Рокот за изведба е од 01.01.2018 до 30.11.2018 година.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Славица Димитрова која праша до каде ќе се изгради оваа улица, до кој дел?

Звонко Атанасов рече дека улицата ќе биде изградена целосно, до самиот крај каде што влегува во населба Шумски расадник.

Кирил Тренчевски праша од каде ќе бидат обезбедени средствата?

Звонко Атанасов истакна дека станува збор за сопствени средства кои се обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека овој план ќе биде составен дел на Буџетот ан општина Делчево за 2018 година. Финансиската конструкција е 4.839.000 денари, не е многу, но сепак е во рамките на можностите на Општината. Се надеваме дека во наредните години ќе има поамбициозни планови и прокети со што ќе го подобриме квалитетот на живеење во општината.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе **Планот на програмите за развој на Општина Делчево и Заклучокот за усвојување.**

**Дваесет и седма точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

За збор се јави Катица Трајкова Тасева која

До Одделението за инспекциски надзор – Овластен Инспектор за заштита на животната средина, го постави следното прашање и предлог:

1. За првата наредна седница на Советот на Општина да биде изготвена Информација или Извештај за квалитетот на воздухот во Делчево! Што е преземено од страна на Одделението и инспекторот досега и што ќе се преземе (кои мерки) во наредниот период?
Овој предлог барам да се најде на дневен ред на наредна седница имајќи ја предвид алармантната загаденост на воздухот во Делчево во овој период.

**Сашко Ивановски, побара од Одделението за правни и општи работи и јавни дејности**

1. Да се достават сите членови на Управни и училиштни одбори за институциите на локално нови за периодот 2009-2017 година!

Со исцрпувањето на Дневниот ред, Првата редовна работна седница на Советот на општина Делчево, заврши со рабпта во 16.40 часот.

**Записникот го водела**

**Снежана Трајкова**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Претседател,**

**Д**